ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-3659/17
25.07.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 03/2022**

1.За извршител на работно место:
- **Помлад соработник за подготовка на документација за комунални работи** во Одделение за комунални работи и заштита на животната средина во Сектор за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина, како прво рангиран кандидат се избира **Даниела Бошковска**, со освоени вкупно 33,70 бода.

2.Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапредена на работното место **Помлад соработник за подготовка на документација за комунални работи** во Одделение за комунални работи и заштита на животната средина во Сектор за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**Образложение**

Во врска со Интерниот оглас бр.03/2022, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 11.07.2022 година за унапредување на административен службеник на работно место – Помлад соработник за подготовка на документација за комунални работи во Одделение за комунални работи и заштита на животната средина во Сектор за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр. 09-3659/11 од 21.07.2022 година, донесено од страна на Градоначалникот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, составува финална ранг-листа и му го предлага прворангираниот кандидат на Градоначалникот.

Врз основа на доставениот предлог се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**м-р Горан Герасимовски**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси